Совет на Општина Делчево
Број 09-513/2
06.03.2023 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 20.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 06.03.2023 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот.

Оправдано отсутен беше Зекир Абдулов

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 20.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

Дневен ред

1. Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Реконструкција на стар пат со краци кон село Ѕвегор-општина Делчево;
2. Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“;
   **Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за локален економски развој

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Иван Гоцевски кој побара дополнување на дневниот ред со точка-Предлог-Барање за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување за ослободување од комунална такса за улично осветлување и рече дека ова Барање 09-575 било доставено преку архива на општина Делчево на 03.03.2023 година. Во него се наведени предлозите за измена на одлуката за ослободување од комунална такса за улично осветлување и тоа:

-да се ослободи од комунална такса за улично осветлување доколку жител на општина Делчево поседува повеќе од една сметка за електрична енергија на која е задолжен со комунална такса за улично осветлување несметајќи ги деловните објекти;

-едно домаќинство со едно семејство да плаќа една комунална такса за улично осветлување;

-целосно да се ослободат од плаќање комунална такса за улично осветлување домаќинствата кои воопшто не користат јавно осветлување, односно каде општина Делчево нема инсталирано јавно осветлување;

-едно домаќинство со едно семејство се одлободува од плаќање на две или повеќе такси за јавно осветлување, но не кога се работи за деловни објекти кои се во функција;

-едно домаќинство со две или повеќе семејства плаќа една комунална такса само во случај кога сите задолжување по однос на оваа такса се на едно лице, со исто име, презиме и адреса;

-се ослободуваат од плаќање комунална такса за јавно осветлување објектите за колективно домување бидејќи со истата такса веќе се задолжени станарите/домаќинствата;

-Општина Делчево да ги прифати овие предлози и во најкраток рок да го извести ЕВН Македонија за стопирање/запирање со задолжување на комунелна такса за јавно осветлување, и

-Општина Делчево да ги рефундира/врати средствата на граѓаните кои веќе уплатиле комунална такса за јавно осветлување,а имаат поднесено барање за ослободување, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на нивното барање.

Кирил Тренчевски имаше реплика на Иван Гоцевски во врска со неговите предлози кои се однесуваат на ослободување од комунална такса за јавно осветлување на објектите за колективно домување и рече дека колективните станбени згради имаат Совет на станари и тој има статус на правно лице. Исто така тој имаше забелешка и на предлогот со кој И.Гоцевски предлага едно домаќинство со едно семејство да се одлободи од плаќање на две или повеќе такси за јавно осветлување, но не кога се работи за деловни објекти кои се во функција.

Претседателот на Советот рече дека предлог/барањето од советничката група на ВМРО ДПМНЕ е доставено на 03.03.2023 и во него се наведени повеќе барања и предлози како да се направи измена на одлуката за ослободување од такса за улично осветлување (донесена од страна на Советот на 26.12.2023) . Според него во тој предлог не се опфатени сите граѓани кои треба да се ослободат од такса за улично осветлување и затоа на оваа седница не може да се стави тој предлог за доколнување на дневниот рд со оваа точка.

-Овие денови е доста актуелно ова прашање, има многу реакции од граѓаните, а до општина Делчево секојдневно се поднесуваат барања за ослободувања од комунална такса. Како што ви е познато на сите овие денови и јас како претседател на Совет ја објавив веќе донесената одлука и сметам дека како Совет треба да имаме разбирање за барањата на граѓаните, ама според мене сметам дека прво треба да се состане Комисијата за комунални работи и сообраќај, да се направи и заеднички состанок со претставници на општинската администрација и сите заедно да извлечеме добри заклучоци, рече претседателот на Советот. Во ред е да се наплаќа комунална такса за улично осветлување, ама не е во ред да се задолжуваат граѓаните со оваа такса онаму каде општината нема поставено улично осветлување како на пример с.Бигла, м.в Бреже и др.наслеени места каде нема инсталирано улично осветлување. Тој истакна дека на таа тема разговарал и со градоначалникот на Општината, потребно е двете комисии формирани од вработени во општинската администрација и Комисијата за комунални работи и сообраќај да излезат на терен и на лице место да се утврди фактичката состојба да се лоцираат местата каде нема поставено улично осветлување. Затоа, предлагам на наредната седница, која ќе биде на 13 март да се разгледува одлука за измени и дополнувања на Одлуката за ослободување од комунална такса за улично осветлување, 7 дена нема да сменат ништо, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека не е точно оти во нивното предлог-барање не се опфатени сите граѓани кои треба да бидат ослободени од таксата за улично осветлување. Тој исто така имаше забелешка на работата на комисијата која треба да излезе на терен врз основа на поднесените барања од граѓаните бидејќи има реакции од граѓаните дека и по 2 месеца по поднесувањето на барањето Комисијата не излегла на терен, а се должни да излезат на терен 15 дена по поднесувањето на барањето. Што се однесува до предлог-барањето тој рече дека согласно член 21 став 2 од Статутот членот на Советот има право и должност:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење,

како и од значење за граѓаните во Општината;
- да дава иницијативи за донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани, на начин и по постапка предвидени во Деловникот;
- да бара од администрацијата на Општината (во натамошниот текст: администрација), како и од јавните служби, установи и претпријатија и од други институции, основани од Општината, податоци и други информации за прашања од нивниот делокруг, а што му се потребни за неговата работа во Советот;
- да бара и добие стручна помош во изработувањето на предлози што тој му ги поднесува на Советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што му ги доверил Советот, односно комисија во која членува;
- да ги чува како тајна податоците, кои се класифицирани како такви, што ќе ги дознае на седница на Советот или на комисија.

Претседателот на Советот рече дека  тој не може да се меша во работата на Комисијата која е формирана од страна на градоначалникот, а точно е  тоа што е предвидено во член 21 став 2, а тоа е дека општинската администрација треба да помага на членовите на Советот во нивната работа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржание-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 20.седница.

Прва точка-Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Реконструкција на стар пат со краци кон село Ѕвегор-општина Делчево;

Точката ја образложи Тони Стоименовски кој рече дека со оваа одлука се утврдува сопствено финансиско учество за проектот „Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево“.Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година.Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 6.000.000,00 денари.За реализација на проектот „Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево“ ќе се обезбеди  учество од буџетот на општина Делчево од 10% или 600.000 денари.Средствата потребни за реализација на проектот „Реконструкција на стар пат со краци кон село Звегор-општина Делчево“ ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година-Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за сопствено финансиско учество за проект „Реконструкција на стар пат со краци кон село Ѕвегор-општина Делчево.

Втора точка- Предлог-Одлука за сопствено финансиско учество за проект „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“;

Образлагач: Тони Стоименовски-Советник за локален економски развој рече дека со оваа одлука утврдува сопствено финансиско учество за проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Програмата за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој.Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3.000.000,00 денари. За реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“ ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10% или 300.000 денари.Средствата потребни за реализација на проектот „Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“ ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за сопствено финансиско учество за проект Набавка на машина за метење и одржување на јавен простор“

Со исцрпувањето на дневниот ред, 20.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 9.00 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател

Гоце Попов

Записникот го водела

Снежана Трајкова